ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 24.08.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Валентина Димитровска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се поднесе барање за распишување на јавна набавка за проектите кои ќе се реализираат преку Агенцијата за финансиска подршка на земјоделието и руралниот развој. Никола Граматиков 24.08.2015

Да се изврши увид и да се преземат активности за осветлениеото во с. Градец и за мостот во м.в. Мезовски Ливади. Никола Граматиков 24.8.2015

Во с. Нерав да се изврши прочистување на патот . Никола Граматиков и Томе Тодоровски 24.8.2015

За повеќенаменското игралиште во с. Конопница да се контактира со надлежните околу отпочнување на активностите за изградба.Никола Граматиков и Добривој Николовски 24.08.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се контактира за зградата Административен деловен објект. Добривој Николовски 24.08.2015

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови за Калин Камен, УП во градот, изготвувањето на општите акти. Добривој Николовски 24.08.2015

Да се види за изготвување на студија за брана во с. Конопница Добривој Николовски 24.08.2015

Во врска со оштетувањето на локалните патишта да се организира и одржи состанок со МВР за ограничување на дозволената тежината на камионите кои се движат по истите. Добривој Николовски 24.8.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Организација за Делегациите од збратимените градови Самбревиле Белгија – Игор Додевски, Свидник Словачка Томе Тодоровски и Никола Граматиков, Вршац Србија Душко Арсовски 24.08.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

**Одделение за финансиски прашања**

Да се даде согледување за наплатата на комуналните такси. Татјана Ѓеоргиевска 24.08.2015

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се водат активностите за Меѓународниот фолклорен Фестивал. Да се изврши координација со надлежните институции за одржувањето на настаните. Душко Арсовски 24.08.2015 година

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Од страна на назначеното лице постојано да се следи изградбата на канализацијата “Бојанов Дол“24.8.2015

Да се продолжи со прочистување на шахти во Калин Камен и средување на водоснабдителните системи. Томе Тодоровски 24.8.2015

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски
Крива Паланка 24.08.2015 година